ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 105/2016
15.06 2016 год.
СКОПЈЕ

# Р Е Ф Е Р А Т

За избор на еден научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје, на својата седница на Научниот совет одржана на 06.05.2016 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден научен соработник. На конкурсот објавен во Агенцијата за вработување на 5.04.2016 година се пријави еден кандидат, д-р Бранимир Јовановиќ.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Бранимир Јовановиќ;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката дејност;
3. Оценка за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Дона Колар-Панов, проф. д-р Катерина Колозова, проф. доц. д-р Артан Садику по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Бранимир Јовановиќ, роден на 26.01.1982 година дипломирал на Економскиот факултет, на Департманот по менаџмент, при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" од Скопје во 2004 година.

Последипломски студии запишал на Универзитетот Стафордшир од Стоук на Трент, Велика Британија, во 2005 година, на програмата Економија за бизнис анализа. За постдипломските студии добива трипартитна стипендија, од Универзитетот Стафордшир, владата на Обединетото Кралство (Чивенинг програма) и Институтот отворено општество. Во 2007 магистрира, со дисертација на тема „Пресметка на фундаменталниот рамнотежен девизен курс на денарот". Во истражувањето се дава оценка за тоа дали денарот е преценет или не, при што наодот е дека не е. За ова истражување ја добива годишната награда на Народна Банка на Република Македонија за најдобро макроекономско истражување од млад економист, во април 2007. Потоа, во септември 2007, почнува да работи во Народна Банка, во Дирекцијата за истражување.

Во следните три години во Народна Банка работи на разни макроекономски анализи и истражувања, на пишување извештаи за раководството на банката и за јавноста, на развивање



ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

модели за прогнозирање на економските движења и за анализа на економските политики, на прогнозирање на економските варијабли (како БДП, инфлација, вработеност...), на анализа на монетарната политика и слично. Пишува и неколки научни труда. Учествува на неколку научни конференции и обуки, организирани од меѓународни економски организации и централни банки (Меѓународниот монетарен фонд, Банката на Англија, Швајцарската централна банка, Австриската централна банка, Кинеското друштво на економисти...).

Во октомври 2010 година привремено ја напушта Народна Банка, за да започне докторат на Универзитетот од Рим „Тор Вергата", Италија. Докторатот е стипендиран од италијанската влада. Докторира во јули 2014 година, со дисертација насловена „Три есеи за опоравување по економски кризи". Во докторатот истражува кои фактори влијаат на закрепнувањето по економски кризи. Ја опфаќа и последната криза, од 2008 година, и повеќе кризи од минатото. Главниот наод е дека јавните трошења се пресудни за брзо опоравување, пред се во вид на инвестиции.

Во септември 2015 година заминува на Универзитетот од Торино, како гостин истражувач. Таму останува шест месеци. Работи на две истражувања од областа на доходовната нееднаквост.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Полето на експертиза на д-р Бранимир Јовановиќ може широко да се дефинира како применета економија и економетрија.

Има напишано 20-ина научни труда, на разни теми, како монетарна политика, прогнозирање, цени на недвижности, девизни курсеви, инвестиции, дознаки, фискална политика, финансиски кризи, доходовна нееднаквост, невработеност, кредитирање, сиромаштија, нееднаквост, од кои е еден објавен како книга, пет се објавени во меѓународни списанија со импакт фактор, а три се објавени како поглавја во уредени книги. Останати трудиви се објавени во форма на работни материјали или се во фаза на публикување во научни списанија.

### Листа на објавени трудови

**Книга:**

1. “Remittances and Development in the Western Balkans: the cases of Macedonia, Kosovo and Bosnia and Herzegovina”, во коавторство со Marjan Petreski, Despina Petreska, Ljupco Efremov, Sokol Havolli, Arben Mustafa, Nermin Oruc, Senada Smajic и Lejla Kamenjas, во издание на Scholars’ Press, 2013 година.

**Научни трудови објавени во меѓународни списанија со импакт фактор:**

1. "Post-Crisis Credit Slowdown in South-East Europe - Return to Normality?", во коавторство со Љупка Георгиевска и Езгона Хани, објавен во *Empirica*, 2016 година, DOI: 10.1007/s10663-016-9338-2
2. "Monetary policy, exchange rates and labor unions in SEE and the CIS during the financial crisis", во коавторство со Марјан Петрески, објавен во *Economic Systems* (2014), Volume 38, Issue 3, September 2014, Pages 309–332
3. "Monetary Policy in China: the role of the qualitative instruments", во коавторство со Марјан Петрески, објавен во *Transition Studies Review,* vol. 20 (3), November 2011, pp. 437-442
4. "Monetary Policy in Small Open Economy with Fixed Exchange Rate: The Case of Macedonia", во коавторство со Марјан Петрески, објавен во *Economic Systems*, Elsevier, vol. 36(4), December 2012, pages 594-608.

5. "Should the Macedonian denar be devalued? Some evidence from the trade equations", објавен во *South-East Europe Review for Labour and Social Affairs 03/2009*

**Поглавја во уредени книги:**

1. "The Macedonian economy and the European Union", во коавторство со Igor Velickovski и Marjan Petreski, во книгата уредена од Bruglio, Lino (2016), "Small States and the European Union – Economic Perspectives", издадена од Routledge
2. "How Do Policy Actions Affect Short-term Post-crisis recovery?", во книгата уредена од Aleksandra Prascevic (2012), "International Scientific Conference From Global Crisis to Economic Growth. Which Way to Take?", издадена од Економскиот факултет, Белград, Србија
3. "Did the Crisis Change in All Evidence from Monetary and Fiscal Policy", во коавторство со *Ana Mitreska, Maja Kadievska-Vojnovic, Ljupka Georgievska и Marija Petkovska*, во книгата уредена од Ardian Fullani (2010), "Economic Policies in SEE – Design, Performance and Challenges", издадена од Банката на Албанија

**Листа на добиени истражувачки грантови:**

1. Во јануари 2015, грант за истражувањето "When is there a Kuznets curve?", од страна на Global Development Network и CERGE-EI University

2. Во септември 2014, грант за истражувањето "WTO-induced (de)industrialization in Southeast Europe, with reference to the roles of public infrastructure and bank intermediation: A comparative analysis", од страна на wiiw Global Development Network Southeast Europe (wiiw GDN-SEE), Wiener Institut für Internationale Wirtschaftsvergleiche (wiiw), Vienna, Austria

3. Во јули 2012, грант за студијата "To consume or to self-employ? Evidence from remittances' use in Macedonia, Bosnia and Herzegovina and Kosovo, with emphasis on crisis, gender and ethnicity role", од страна на Regional Research Promotion Programme (RRPP), Swiss Agency for Development and Cooperation and University of Fribourg, Switzerland

4. Во јануари 2012, грант за истражувањето "Do Higher Doing Business Indicators Lead to Higher Investment?", од страна на World Bank Group и Kauffman Foundation, Washington DC, USA
5. Во јули 2011, грант за истражувањето "Hemlock for policy: Monetary policy, exchange rates and labour unions in SEE and CIS during the crisis", од страна на wiiw Global Development Network Southeast Europe (wiiw GDN-SEE), Wiener Institut für Internationale Wirtschaftsvergleiche (wiiw), Vienna, Austria

Д-р Јовановиќ има предавано како асистент на Универзитетот во Рим „Тор Вергата", за време на докторските студии. Бил асистент по предметот „Теми од монетарна политика", во склоп на докторската програма „Економија и финансиски институции и пазари". Освен тоа, предавал и два предмета на Универзитетот Американски Колеџ Скопје, на магистерската програма „Применета економија": "Анализа на податоци" и "Макроекономско моделирање и прогнозирање".

Д-р Јовановиќ има добиено и две награди за неговата научно-истражувачка работа. Во 2007 година ја добива наградата на Народна Банка на Република Македонија, за најдобар млад истражувач. Во 2013 година, ја добива Олга Радзинер наградата на Австриската Народна Банка, за извонредни млади економски истражувачи од Централна, Источна и Југоисточна Европа.

## III. ОЦЕНКА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Од приложената документација може да се констатира дека на конкурсот се пријави само еден кандидат - д-р Бранимир Јовановиќ.

Д-р Јовановиќ има поминато низ сите фази од подготовката и реализацијата на научно-истражувачките проекти, со огромно искуство со економски истражувања, организација и реализација на емпириски истражувања, анализа на податоци и пишување на научни студии. Неговите трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања особено од областа на економските науки.

Изборот на тема за неговиот докторски труд, „Три есеи за опоравување по економски кризи", покажува дека кандидатот прави сериозен научен зафат за анализа на проблеми кои се од суштинска вашност во развојот на општествените и хуманистичките науки. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните области.



ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

**Заклучок:**

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Бранимир Јовановиќ ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање - научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Бранимир Јовановиќ, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни научни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Бранимир Јовановиќ да се избере во звањето научен соработник (еквивалент: доцент) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Скопје, 6.06.2016

**Рецензентска комисија:**

1. Д-р Дона Колар-Панов, редове професор, Меѓународен Балкански Универзитет, претседателка

2. Д-р Катерина Колозова, редовен професор, Институт за општестевни и хуманистички науки - Скопје, членка

3. Д-р Артан Садику, доцент, Институт за општестевни и хуманистички науки - Скопје, член



ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk